РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-350/3
20.04.2022 год.
КОНЧЕ

Трговско друштво за геодетски работи
ГЕОМЕР ПЛУС ДООЕЛ увоз извоз
Бр. 08-91/4
20.04.2022 год.
ДЕЛЧЕВО

# ДОГОВОР

## за геодетски услуги за потребите на општина Конче за 2022 година

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ОПШТИНА КОНЧЕ-Конче, ЕДБ 4023005118934 и ЕМБС6022995, застапувана од Градоначалникот на Општина Конче Златко Ристов, (во натамошниот текст: „Нарачувач") од една страна

и

2.Трговско друштвото за геодетски работи ГЕОМЕР ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Делчево, со седиште на 4-ти Јули ,бр 16 ,Делчево, ЕДБ 4009013503879 и ЕМБС 6870163, застапувано од Управителот Никола Николовски, (во понатамошниот текст "Давател на услуга") од друга страна.

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со извршувањето на специфицираните геодетски услуги во тендерската документација за потребите на Општина Конче за период од една година.

II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој договор за јавна набавка на услуги е „ геодетски услуги за потребите на Општина Конче".

Предметот на договорот е по спроведена постапка со поедноставена отворена постапка, бр.на оглас 02852/2022, а се според описот од техничките спецификации и постигнатата цена, кои се составен дел од овој Договор.

III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорената вредност на работите изнесува 840.000,00 денари .(пресметан ДДВ од 18% од 151 200.00 денари) или вкупна вредност од 991 200,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 5

Поединечните цени за изразување на пооделни услуги се според дадената понуда која е составен дел на овој договор по извештај за спроведена постапка и извештај за текот на е-аукцијата од 21.03.2022 год. со вредност од 63 000 денари без вклучен ДДВ.

Поединечните цени искажани во понудата се фиксни и непроменливи по било кој основ за целокупното времетраење на договорот.

V. НАЧИН И РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 6

Извршувањето на услугите кои се предмет на овој Договор, ќе биде сукцесивно според потребите на договорниот орган, по претходно доставена усна или писмена покана за извршување на услугите, во која ќе бидат содржани видот на услугите што треба да се извршат, количината и местото на извршување.

Носителот на набавката е должен услугите да ги извршува во согласност со важечките технички стандарди и прописи утврдени за извршување на тој вид на услуги

Член 7

Рокот за вршење на услугата е 1 (една) година од денот на склучувањето или за пократок временски период ако вредносно биде исполнета набавката.

Носителот на набавката поединечните услуги е должен да ги извршува во разумни рокови кои кореспондираат со видот на услугата која се бара, но не подолго од 15 дена од денот на приемот на поканата за потреба од извршување на услуга.

VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Нарачувачот се обврзува плаќањата за извршените услуги да го изврши согласно прифатената понуда и тоа по стварно извршени услуги, вирмански во рок од 60 дена по приемот на потпишани и заверени фактури, доставени во писарницата на договорниот орган.

Член 9

За ден на прием на фактурата ќе се смета денот кога фактурата е заведена во писарницата на Нарачувачот.

VII. ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

Член 10

Давателот на услугата е должен работите од член 1 на овој Договор да ги изврши на начин и во роковите што се определени со овој Договор.

Член 11

Давателот на услугата е должен навремено и детално да ја проучи документацијата врз основа на која се изведуваат договорените работи и од нарачувачот навремено да бара појаснување на недоволно јасните детали.

VIII. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

Член 12

Нарачувачот е должен да ги прецизира сите детали во поглед на давањето на услугата, со што би се овозможило несметано извршување на услугата .

Член 13

Нарачувачот е должен да постапи по барањето на Давателот на услугата, со кое бара објаснение на недоволно јасните детали и во примерен рок да му го даде бараното објаснение.

IX. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 14

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 работни дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република Македонија.

Член 15

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава стварно и месно надлежниот суд.

## X. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 16

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 17

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата договорна страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Член 18

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа без одлагање писмено да ја извести другата договорна страна.

Член 19

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на договорните страни.

Член 21

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и важечките законски прописи во Република Македонија.

Член 22

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат со заедничка согласност на договорните стани по писмен пат.

Договорот може да се изменува и дополнува со Анекс-Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

Договорот може да се менува само во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки и тендерската документација и Законот за облигациони односи.

Член 23

Ниту една од договорните страни нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 24

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја од договорните страни.

| | |
|---|---|
| Нарачувач:<br>ОПШТИНА КОНЧЕ<br>Градоначалник<br>Златко Ристов | Давател на услугата :<br>Трговско друштво за геодетски работи<br>ГЕОМЕР ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Делчево<br>Управител<br>Никола Николовски |

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

Геомер Плус Дооел Делчево

Makedonski Telekom CA, NIKOLA NIKOLOVSKI

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, NIKOLA NIKOLOVSKI
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=GEOMER PLUS DOOEL DELCHEVO-4009013503879, serialNumber=CRT3560845, cn=NIKOLA NIKOLOVSKI
Date: 2022.04.18 14:15:09 +02'00'

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број **02852/2022** објавен од страна на Општина Конче, за геодетски услуги за потребите на Општина Конче, со спроведување поедноставена отворена постапка, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А по аукција

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: **Тдгр Геомер Плус Дооел увоз-извоз Делчево**

I.2. Контакт информации

- Адреса: ул. **4-ти јули бр.16 Делчево**
- Телефон: **033-413-420**
- Факс: **033-413-420**
- Е-пошта: **geomerplusdelcevo@yahoo.com**
- Лице за контакт: **Никола Николовски**

I.3. Одговорно лице: **Никола Николовски**

I.4. Даночен број: **4009013503879**

Дел ii – Техничка и финасиска понуда

II.1 Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка со цените искажани во табелата при што вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, кој е искажан посебно, изнесува:

| Р.Б | Вид на геодетски елаборат | Единица мерка | Висина на надоместок без ДДВ | Висина на надоместок без ДДВ + цена за м² | ДДВ | Вкупн цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | За премер на внатрешна површина на посебни и заеднички делови од зграда и други објекти : стан, подрум, подземна гаража, гаражно место, деловна просторија и други во функција на запишување/промена во катастар на недвижности. | | | | | |
| **1.1** | | м² | 1363,705 | 1370,706 | 246,727 | 1617.435 |
| 2 | За премер на внатрешна површина, вклучувајќи и габаритен премер на згради и другиобјекти: семејна станбена куќа, деловен објект, базени, рибници, силос, резервоар,надградба/доградба, помошен објект (гаража/гаражно место, плевна, шупа и др.) и други,независно за колку засебни објекти се работи во функција на запишување/промена во катастар на недвижности. | | | | | |
| **2.1** | | м² | 1759,909 | 1766,913 | 318,044 | 2084.957 |
| 3 | За премер на отворена површина на објекти од типот на брани, соларни централи, отворениспортски игралишта, паркови, плоштади, паркиралишта, зеленила, градби за сепарција на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни бази и други објекти вофункција на запишување/промена во катастар на недвижности. | | | | | |
| **3.1** | | м² | 2288,682 | 2289,433 | 412,098 | 2701.531 |
| 4 | За премер на празна катастарска парцела во функција на запишување во катастар нанедвижности. | | | | | |
| **4.1** | | м² | 1971,018 | 1972,019 | 354,963 | 2326.982 |
| 5. | За обележување на градежна парцела со премер на лице место | **М2** | 1878,971 | 1879,971 | 338,395 | 2218.366 |
| 6 | За нумерички податоци без теренско мерење во функција на реализација на урбанистички план, експропријација, приватизација на градежно земјиште идр. (ако градежната парцелапретставува дел од една катастарскапарцела) | ПАУШАЛ | 1482,766 | 1482,766 | 266,898 | 1749.664 |
| 7 | За нумерички податоци без теренскомерење во функција на реализација наурбанистички план, експропријација, приватизација на градежно земјиште идр. (ако градежната парцела е составена од повеќе катастарски парцели) | За КП | 1482,766 | 1943,004 | 349,741 | 2292.745 |
| 8 | За физичка делба на КП | Основна физичка делба на две КП | 3015,058 | 3015,058 | 542,710 | 3557.768 |
| 8.1 | | Секоја наредна новоформирана КП | 713,369 | 713,369 | 128,406 | 841.775 |
| 9 | Парцелација врз основа на Урбанистички план со теренско мерење. | Една новоформирана КП | 3015,058 | 3015,058 | 542,710 | 3557.768 |
| 9.1 | | Секоја наредна новоформирана КП | 713,369 | 713,369 | 128,406 | 841.775 |
| 10 | За обележување на граници на катастарскапарцела | Метар должен | 1469,259 | 1484,267 | 267,168 | 1751.435 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Идентификација на катастарска парцела со увид на лице место без премерување | Една КП | 1137,588 | 1137,588 | 204,766 | 1342.354 |
| 11.1 | Идентификација на катастарска парцела со увид на лице место со премерување | Една КП | 1971,018 | 1971,018 | 354,783 | 2325.801 |
| 12 | За изготвување на ажурирана геодетскаподлога за опфат со површина до 1 Ха | 1 ха | 2974,537 | 2974,537 | 535,417 | 3509.954 |
| 12.1 | • Опфат со површина од 1 ÷5 Ха | 1 ха | 2528,306 | 2528,306 | 455,095 | 2983.401 |
| | • Опфат со површина од 5-10 ха | | 1932,999 | 1932,999 | 347,940 | 2280.939 |
| | • Опфат со површина над 10 ха | | 1487,268 | 1487,268 | 267,708 | 1754.976 |
| | • Опфат вон градежен реон (неизграденоземјиште) | | 1189,615 | 1189,615 | 214,131 | 1403.746 |
| 13 | За обележување проектирана градба на терен, | 1 објект | 2077,073 | 2164,619 | 389,631 | 2554.249 |
| 14 | Премер на инфраструктуен објект поставени на стопа | Еден објект | 2697,894 | 2697,894 | 485,621 | 3183.515 |
| 15 | Премер на сообраќајни, енергетски, електронски комуникациски мрежи и средства и канапски надземни инфраструктурни објекти | км'/насока | 4154,146 | 4154,146 | 747,746 | 4901.892 |
| 16 | • Премер на водоводна, канализациона иенергетска инфраструктура, електронски комуникациски мрежи и средства (на отворен ров) | км' | 5157,665 | 5157,665 | 928,380 | 6086.045 |
| | • Премер на водоводна, канализациона и енергетска инфраструктура, електронски комуникациски мрежи и средства (на затворен ров, со откривање на инфраструктурни објекти со скенер/трагач/шлиц) | | 6962,597 | 6962,597 | 1253,267 | 8215.864 |
| 17 | За легализација на бесправно изградени објекти | | | | | |
| | • до 50 м2 | 1м² | 879,955 | 883,456 | 159,022 | 1042.478 |
| | • од 51 до 100 м2 | | 1319,932 | 1325,185 | 238,533 | 1563.718 |
| | • над 101 м2 | | 1671,914 | 1678,567 | 302,142 | 1980.709 |
| 18 | За бришење на срушен објект или дел одобјект во една КП независно од бројот на објектите | / | 1971,018 | 1971,018 | 354,783 | 2325.801 |
| 19 | Спојување на парцели по новоформена парцела | / | 1137.588 | 1137,588 | 204,766 | 1617.435 |
| | | | | | ВКУПНО БЕЗ ДДВ | 63000,000 |
| | | | | | **ВКУПНО СО ДДВ** | **74340,000** |

I.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајки ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **63000,000** *[со бројки]* (**шеесет и три илјади**)*[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува **11340,000**.

III.2.Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Делчево, 18.04.2022

Одговорно лице*
Никола Николовски

(потпис)

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ГЕОМЕР ПЛУС ДООЕЛ увоз извоз ДЕЛЧЕВО

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице